Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јуни 2021 година

Скопје, јуни 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јуни 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија започна во 13:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Лила Пејчиновска Миладиновска секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (в.к.в) и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија (в.к.в).

Од седницата отсуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 77-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2021 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  - Агенда Европа дома

- Статус на реализација на обврските и приоритетите на Република Северна Македонија како членка на НАТО, согласно Северноатлантскиот договор и НАТО процесот за одбранбено планирање

  - Информација за документот на НАТО „Седум основни барања, насоки за отпорност и критериуми за евалуација" (Seven baseline requirements, resilience guidance and evaluation criteria)

- Статус на реализација на капиталните инвестициии

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 15.6.2021 година

1. Записник од Четириесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 јуни 2021 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 14 јуни 2021 година и Предлог на протокол за работа на установи за вон-семејна социјална заштита на стари лица во услови на епидемија на заразната болест COVID-19

2. Информација за реализација на проектот „Реконструкција на затворен пливачки базен во Општина Струга“

3. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

4. Информација со барање за одлагање на Решението ИП бр.08-60 од 4.5.2021 година од Државниот инспекторат за шумарство и ловство Р.О. II Гостивар и Решението ИП бр.08-35 од 4.5.2021 година од Државниот инспекторат за шумарство и ловство Р.О. II Тетово

5. Извештај за работењето на АД „МИА“- Скопје за 2020 година, Годишниот финансиски извештај за 2020 година, Годишната сметка за 2020 година, Ревизорскиот извештај за 2020 година, Извештајот од извршена контрола од Надзорниот одбор, со предлог – одлуки

6. Предлог-уредба за утврдување на висината на надоместокот за складирање и чување на задолжителните резерви

7. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

9. Информација за давање согласност за користење деловен простор под закуп на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево ДП 02-429/20

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.12417 КО Битола 3 ДП 03-10/21

11. Информација за годишни извештаи за ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2020 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

12. Информација за потребата од давање согласност за користење на средства од пренесен вишок на приходи од претходната година по основ на блок – дотација за основно образование на сметка буџет на Општина Илинден

13. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за давање на претходна согласност за спроведување на постапка за отстапување на право на градење врз градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое градежно земјиште претставува Г.П.бр.2 составена од К.П.бр. 1214/2 КО Гази Баба, К.П.бр. 1222/5 КО Гази Баба, К.П.бр. 1223 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/4 КО Гази Баба, К.П.бр.2162/4 КО Гази Баба, К.П.бр.2162/5 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/2 КО Гази Баба, К.П.бр. 1215/3 КО Гази Баба, К.П.бр. 1215/7 КО Гази Баба, К.П.бр. 1222/3 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/1 КО Гази Баба и К.П.бр.1214/3 КО Гази Баба со намена за изградба на В4-државни институции, органи на локална самоуправа, со Предлог - одлука

14. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Гевгелија

15. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

16. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година

17. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Бутел

18. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удел во Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги Премиум Минерали ДТ ДОО увоз-извоз, Куманово

19. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.46/21), со Предлог – одлука

20. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Голема Тумба“, Општина Кавадарци, со предлог – одлуки

21. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Голем Врв“, Општина Демир Хисар

22. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце

23. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Градиште“, Општина Штип

24. Информација за формирање на комисии за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Какуцин“ с.Петршино, Општина Пробиштип, „Орниче“, Општина Долнени и „Орниче 2“, Општина Долнени, со предлог – решенија

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3 – големи угостителски единици, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог - одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

27. Информација за формирање на Комисија за следење на спроведувањето на мерките од Акцискиот план за Преспанско Езеро, со Предлог – одлука

28. Информација за потребата од изменување и дополнување на Одлуката за основање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, со Предлог-одлука

29. Информација за усвојување на текст на Меморандум за разбирање (МзР) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Командата на Врховниот Сојузнички Командант за трансформација и Врховната Команда на сојузничките сили на Европа, во врска со обезбедувањето на поддршка од земја домаќин за спроведување на НАТО операции/ вежби/ слични воени активности, со текст на Меморандум

30. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2020 година од Акциската програма за преку–гранична соработка Република Северна Македонија-Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година–CRIS 2020/041-424, во рамки на ИПА II, со текст на Спогодба

31. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Азербејџан со седиште во Баку

32. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Азербејџан, со седиште во Баку

33. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Анталија

34. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Анталија

35. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Измир

36. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Измир

37. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Коџаели

38. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Коџаели

39. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Инсбурк

40. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Инсбурк

41. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Санкт Пелтен

42. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Санкт Пелтен

43. Предлог-одлука за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Еисенштад (Бургенланд)

44. Предлог-решение за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Австрија, со седиште во Еисенштад, Бургенланд

45. Предлог-решение за назначување на претседавач, членови и заменици членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство

46. Предлог-решение за определување на висината на надоместокот за работа на претседателот, заменикот на претседателот и членовите на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион

47. Информација за преземање на мерки и активности за дигитализација на процеси

48. Предлог-закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

49. Предлог-закон за утврдување на максималните цени за болничко лекување и за тестирање на пациенти со КОВИД-19 во приватните здравствени установи, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

50. Барање за давање на автентично толкување на членот 25 став 1 точка 10) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), поднесено од пратеникот Талат Џафери

51. Иницијатива поднесена од адвокат Бобан Богдановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.63/2021 од 26.5.2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредбата од член 128 став 1 од Законот за стечај во делот: „на некој предмет или право што се запишани во јавни книги"

52. Понуда од нотар Вера Становевска од Скопје за продажба на недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 16/38 идеален дел од КП бр.837, КО Гази Баба, со Имотен лист бр.9640, недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 15/52 идеален дел од КП бр.836/2, КО Гази Баба, со Имотен лист бр.9641 и недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 21/69 идеален дел од КП бр.838, КО Гази Баба, со Имотен лист бр.44997

53. Понуда од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3442 за КО Ваташа, на КП бр.4344, викано место/улица 12 Другари

54. Понуда од нотар Нита Џафери-Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102293 за КО Тетово-1 и Имотен лист бр.101648 за КО Тетово-1 на КП бр. 2991 викано место/улица ЈНА 124

55. Кадровски прашања

56. Прашања и предлози

57. Информација за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население (мај 2021 година)

58. Годишен извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2020 година, со дополнување

59. Извештај на независниот ревизор за извршена ревизија на работењето на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, за периодот од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година

60. Извештај за работа на Државниот завод за статистика во 2020 година

61. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

62. План за изменување и дополнување на Годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година

63. Изменување на Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година

64. Извештај за работата на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема во 2020 година

65. Информација за можностите на воздухопловниот ВИНГ за поддршка на останатите државни институции во Република Северна Македонија

66. Информација во однос на постапувањето по заклучоците со кои е задолжено Министерството за внатрешни работи, согласно Информацијата во врска со Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)

67. Барање на Алекс Цветков, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

68. Информација за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Здружение на граѓани Легис - Скопје, со текст на Меморандум за соработка

69. Информација за спроведената постапка по објавениот јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со предлог – одлуки

70. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

71. Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 77-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јуни 2021 година

*

*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Агенда Европа дома**

По повод укажувањата на м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања во врска со статусот на Агендата Европа Дома, Владата ги задолжи Канцеларијата на

претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот завод за индустриска сопственост, Царинската управа на Република Северна Македонија и Државниот завод за статистика, а му препорача на Собранието на Република Северна Македонија, до 21 јуни 2021 година, на англиски јазик, да подготват ажурирани податоци за Агендата Европа Дома, за сите поглавја и области и истите да ги достават до Секретаријатот за европски прашања.

- **Статус на реализација на обврските и приоритетите на Република Северна Македонија како членка на НАТО, согласно Северноатлантскиот договор и НАТО процесот за одбранбено планирање**

  **- Информација за документот на НАТО „Седум основни барања, насоки за отпорност и критериуми за евалуација" (Seven baseline requirements, resilience guidance and evaluation criteria)**

Владата ја разгледа Информацијата за документот на НАТО „Седум основни барања, насоки за отпорност и критериуми за евалуација" (Seven baseline requirements, resilience guidance and evaluation criteria), како материјал за информирање.

- **Статус на реализација на капиталните инвестициии**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

- **Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 15.6.2021 година**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција заклучно со 15.6.2021 година, како материјал за информирање.

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ги разгледа Записникот од Четириесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 јуни

2021 година, со Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 14 јуни 2021 година и Предлог на протокол за работа на установи за вон-семејна социјална заштита на стари лица во услови на епидемија на заразната болест COVID-19 и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 јуни 2021 година.

2. Го усвои Протоколот за работа на установи за вон-семејна социјална заштита на стари лица во услови на епидемија на заразната болест COVID-19, подготвен од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство во соработка со Министерство за труд и социјална политика.

3. Во врска со потребата од изменување на постојните наредени мерки од Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена кои се со важност до 15 јуни 2021 година (вторник):

3.1 Да престане да важи забраната за движење на населението и на возилата од јавен превоз на територија на Република Северна Македонија, почнувајќи од 16 јуни 2021 година (среда).

3.2 Почнувајќи од 16 јуни 2021 година (среда), да се укине наредената времена мерка за ограничување на работното време на сите угостителски објекти и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, а во текот на работното време се дозволува работа само на отворените делови – тераси од угостителскиот објект, освен служење пијалаци во внатрешноста на казината и автомат клубовите.

3.3 Почнувајќи од 16 јуни 2021 година, да се дозволи организирање на свадби, прослави, веселби на отворен простор/летни тераси со максимум 50% исполнетост на капацитетот на отворениот дел, без ограничување на максималниот број од 100 гости.

3.4 Да престане да важи обврската угостителскиот објект во кој има прослава да ја регистрира и пријави прославата во угостителската комора која води регистар на свадби, прослави и останати веселби.

4. Се дозволува работа на ноќните барови и клубови (дискотеки) на отворените делови-тераси на истите, со 50% од капацитетот на просторот и ограничен број на

посетители до најмногу 1.000 посетители“, со задолжително почитување на соодветните наменски протоколи.

5. Се дозволува организирање на настани на отворено со 50% од капацитетот на просторот каде што ќе се одржува настанот и ограничен број на посетители до најмногу 1.000 посетители, освен за концертите на отворен простор, кои може да се организираат со 50% од капацитетот на просторот каде што ќе се одржуваат.

6. Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство да направи споредбена анализа на земјите во регионот во врска со наредената мерка за ослободување на бремените жени од работа и работни обврски со физичко присуство на работно место.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Реконструкција на затворен пливачки базен во Општина Струга“, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Даде согласност на Агенцијата за млади и спорт за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021 година, 2022 година, 2023 година и 2024 година, за реализација на реконструкција на затворен пливачки базен во Општина Струга, во висина од 85.000.000,00 денари, со следниов начин и динамика на плаќање:
- 5.000.000,00 денари во 2021 година;
- 30.000.000,00 денари во 2022 година;
- 30.000.000,00 денари во 2023 година;
- 20.000.000,00 денари во 2024 година.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (најнов текст), во предложениот текст (ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво „ЖЕЛЕЗАРА“-Скопје).

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата со барање за одлагање на Решението ИП бр.08-60 од 4.5.2021 година од Државниот инспекторат за шумарство и ловство Р.О. II Гостивар и Решението ИП бр.08-35 од 4.5.2021 година од Државниот инспекторат за шумарство и ловство Р.О. II Тетово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство Р.О. II Гостивар да го одложи извршувањето на Решението ИП бр.08-60 од 4.5.2021 година и да се дозволи да се продолжи со активностите во врска со стопанисување на шумите во ШСЕ „Дуф - Маздрача" до донесување на Планот за управување со Националниот парк Шар Планина.

2. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство Р.О. II Тетово да го одложи извршувањето на Решението ИП бр.08-35 од 4.5.2021 година и да се дозволи да се продолжи со активностите во врска со стопанисување на шумите во ШСЕ „Ново село 2 Попова Шапка", „Лешничка-Шума", „Шарпланина-Бистрица" и „Љуботенска Река" до донесување на Планот за управување со Националниот парк Шар Планина.

3. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" да го почитува Планот/Програмата за работа за 2021 година и во соработка со Државниот инспекторат за шумарство и ловство Р.О. II Гостивар и Тетово да се продолжи со активностите во врска со стопанисување на шумите во ШСЕ „Дуф - Маздрача" и ШСЕ „Ново село 2 Попова Шапка", „Лешничка-Шума", „Шарпланина-Бистрица" и „Љуботенска Река".

## Точка 5

Владата по Извештајот за работењето на АД „МИА"- Скопје за 2020 година, Годишниот финансиски извештај за 2020 година, Годишната сметка за 2020 година, Ревизорскиот извештај за 2020 година, Извештајот од извршена контрола од Надзорниот одбор, со предлог – одлуки ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2020 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост во 2020 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за 2020 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

4. Одлуката за распределба на добивката на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот за складирање и чување на задолжителните резерви, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог - одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и ја донесе Одлуката со заклучок од постапката за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад да се иземат сите ствари за кои во Извештајот за редовниот годишен попис за 2020 година на средствата и обврските на Царинската управа на Република Северна Македонија постои финансиска вредност.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за користење деловен простор под закуп на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Кичево, за некоја од седниците на Владата која ќе се одржи во втората половина на јули 2021 година, по донесувањето на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да постапи согласно Мислењето на Министерството за транспорт и врски со кое има укажано дека кон конкретниот предмет, во електронскиот систем www.e-vlada.mk, не е приложен соодветен доказ предвиден согласно материјалните одредби од член 65 став (5) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21),

односно известување дека за недвижната ствар која е предмет на запишување не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, за да може Министерството за транспорт и врски да даде соодветно Мислење.

Претходно, Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар  во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности да биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за годишни извештаи за ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2020 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, односно Националниот координатор за авторизација (НАО), да го достави до Владата на усвојување Акцискиот план по програми за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди, констатирани во годишните извештаи за ревизорска активност за 2020 година на Ревизорското тело, со предлог на рокови за имплементација на истите.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, односно Националниот ИПА координатор (НИПАК) и Министерството за финансии, односно Националниот координатор за авторизација (НАО) на полугодишно ниво да ја информираат Владата за преземените мерки и активности предвидени во Акцискиот план, усвоен од Владата, за имплементирање на препораките констатирани во годишните извештаи за ревизорска активност за 2020 година на Ревизорското тело.

3. Се задолжува Министерството за финансии (ЦФЦД) и Оперативната структура одговорна за ИПА II во Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Јавното претпријатие за државни патишта, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за навремено објавување на тендери и поефикасна имплементација на ИПА II, со цел зголемување на апсорпцијата, како и за преземање на мерки за обезбедување на свесност кај крајните корисници за оддржливост на проектите.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од давање согласност за користење на средства од пренесен вишок на приходи од претходната година по основ на блок – дотација за основно образование на сметка буџет на Општина Илинден, ја усвои Информацијата и даде согласност за користење на средства од пренесениот вишок на приходи од претходната година

по основ на блок-дотација во износ од 87.877.476,00 денари на сметка на наменски дотации во буџет на Општина Илинден за изградба на ново основно училиште

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за образование и наука, вишоците на средства од блок дотации за основно образование да се искористат за приоритети како унапредување на воспитно образовниот процес во основното образование имајќи ја во предвид новата концепција за основното образование донесена со Решение бр. 08-3980/1 од 3.3.2021 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за давање на претходна согласност за спроведување на постапка за отстапување на право на градење врз градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое градежно земјиште претставува Г.П.бр.2 составена од К.П.бр. 1214/2 КО Гази Баба, К.П.бр. 1222/5 КО Гази Баба, К.П.бр. 1223 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/4 КО Гази Баба, К.П.бр.2162/4 КО Гази Баба, К.П.бр.2162/5 КО Гази Баба, К.П.бр.1222/2 КО Гази Баба, К.П.бр. 1215/3 КО Гази Баба, К.П.бр. 1215/7 КО Гази Баба, К.П.бр. 1222/3 КО Гази Баба, К.П.бр. 1222/1 КО Гази Баба и К.П.бр. 1214/3 КО Гази Баба со намена за изградба на В4-државни институции, органи на локална самоуправа, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за пренесување на право на градење на објекти за потребите на Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Гевгелија и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Гевгелија, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст (Основен суд Велес)
.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Предлог – програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година, со заклучок предлагачот текстот на Програмата редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Бутел, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – одлуката за давање согласност за пренос на удел во Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги Премиум Минерали ДТ ДОО увоз-извоз, Куманово, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да обезбеди нова проценка од Бирото за судски вештачења.

Овој материјал претходно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 19**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.46/21), со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да достави Уверение за платени јавни давачки за Друштвото за градежништво Трибеко Груп ДОО Скопје издадено од Управата за јавни приходи.

Претходно, Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 2/2021 (Службен весник на Република Северна Македонија бр.46/21), со Предлог – одлука, да биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Голема Тумба", Општина Кавадарци, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи ги предвид негативните мислења на Општина Кавадарци, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Секторот за шумарство и ловство и Министерството за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина.

## Точка 21

Владата по Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Голем Врв“, Општина Демир Хисар заклучи:

- Се задолжува Министерството за економија да подготви и до Владата да достави соодветна предлог – одлука за престанување на важењето на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина варовник на локалитетот „Голем Врв“, Општина Демир Хисар, која влегла во сила на 30.11.2019 година, како и нова соодветна предлог – одлука за започнување на постапка за доделување на концесија.

Откако овие одлуки ќе влезат во сила повторно на седница на Владата да се разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Голем Врв“, Општина Демир Хисар, при што да се запазат законските рокови во постапките.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце и притоа заклучи Министерството за економија да достави Предлог – одлука за престанување на важењето на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце, која влегла во сила на 26.11.2019 година, како и нова Предлог – одлука за започнување на постапка за доделување на концесија.

Откако овие одлуки ќе влезат во сила, ќе се разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „с.Отошница“, Општина Ранковце, при што да се запазат законските рокови во постапките.

## Точка 23

Владата по Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Градиште“, Општина Штип го задолжи Министерството за економија да достави предлог–одлука за престанување на важењето на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина гранит на локалитетот „Градиште“, Општина Штип, која влегла во сила на

26.11.2019 година, како и нова предлог–одлука за започнување на постапка за доделување на концесија.

Откако овие одлуки ќе влезат во сила, да се разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Градиште" Општина Штип, при што да се запазат законските рокови во постапките.

**Точка 24**

Владата по Информацијата за формирање на комисии за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Какуцин" с.Петршино, Општина Пробиштип, „Орниче", Општина Долнени и „Орниче 2", Општина Долнени, со предлог – решенија, заклучи да не се донесат предметните решенија, имајќи ги предвид укажувањата изнесени во мислењата на Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии, дека рокот за формирање на комисиите за спроведување на постапките е надминат, како и укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии, дека нема да номинира членови за формирање на комисии за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања, од причина што истите требале да бидат формирани во период од 120 дена по влегувањето во сила на одлуките, односно најдоцна до 17 и 18 април 2020 година.

Согласно горенаведеното, Владата го задолжи Министерството за економија, да достави предлог-одлуки за престанување на важење на:

- Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – андезит на локалитетот „Какуцин" с.Петршино, Општина Пробиштип бр.45-8195/1 од 16.12.2019 година;

- Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – кварц на локалитетот „Орниче", Општина Долнени бр.45-8325/1 од 16.12.2019 година и

- Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – кварц на локалитетот „Орниче 2", Општина Долнени бр.45-8322/1 од 16.12.2019 година, објавени во („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 262/19 и 263/19).

По нивното донесување и влегување во сила, на наредната седница на Владата, Министерството за економија да ги достави на разгледување и повторно донесување одлуките за започнување на постапките.

По донесувањето и влегувањето во сила на наведените одлуки, Министерството за економија во владина постапка, запазувајќи ги роковите, да достави предлог – решенија за формирање на комисии за спроведување на постапката за доделување на концесиите.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3 – големи угостителски единици, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3 – големи угостителски единици, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4 – стовариште, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за следење на спроведувањето на мерките од Акцискиот план за Преспанско Езеро, со нов текст на Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за следење на спроведувањето на мерките од Акцискиот план за Преспанско Езеро.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во рамките на својот буџет да планира средства за исплатата на членовите на Комисијата.

3. Се задолжува Комисијата за следење на спроведувањето на мерките од Акцискиот план за Преспанското Езеро да ја информира Владата за прогресот на активностите на квартално ниво.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Одлуката за основање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на

Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на текст на Меморандум за разбирање (МзР) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Командата на Врховниот Сојузнички Командант за трансформација и Врховната Команда на сојузничките сили на Европа, во врска со обезбедувањето на поддршка од земја домаќин за спроведување на НАТО операции/ вежби/ слични воени активности, со текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање (МзР) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Командата на Врховниот Сојузнички Командант за трансформација и Врховната Команда на сојузничките сили на Европа, во врска со обезбедувањето на поддршка од земја домаќин за спроведување на НАТО операции/ вежби/ слични воени активности.

2. Се овластува генерал - потполковник Васко Ѓурчиновски, началник на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да го потпише Меморандумот за разбирање (МзР) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Командата на Врховниот Сојузнички Командант за трансформација и Врховната Команда на сојузничките сили на Европа, во врска со обезбедувањето на поддршка од земја домаќин за спроведување на НАТО операции/ вежби/ слични воени активности.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2020 година од Акциската програма за преку–гранична соработка Република Северна Македонија-Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година–CRIS 2020/041-424, во рамки на ИПА II, со текст на Спогодба, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2020 година од Акциската програма за преку–гранична соработка Република Северна Македонија-Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година – CRIS 2020/041-424, во рамки на ИПА II.

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор м-р Никола Димитров, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2020 година од Акциската програма за преку– гранична соработка Република Северна Македонија -

Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година – CRIS 2020/041-424, во рамки на ИПА II.
3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање за 2020 година од Акциската програма за преку–гранична соработка Република Северна Македонија-Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година – CRIS 2020/041-424, во рамки на ИПА II, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Азербејџан со седиште во Баку, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Азербејџан, со седиште во Баку, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Анталија, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Анталија, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Измир, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Измир, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Турција со седиште во Коџаели, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Турција, со седиште во Коџаели, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Инсбурк, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Инсбурк, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Санкт Пелтен, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Санкт Пелтен, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на Почесниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Австрија со седиште во Еисенштад (Бургенланд), во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе Решението за отповикување на почесниот конзул на Република Северна Македонија во Република Австрија, со седиште во Еисенштад, Бургенланд, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Решението за назначување на претседавач, членови и заменици членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата го донесе новиот текст на Решението за определување на висината на надоместокот за работа на претседателот, заменикот на претседателот и членовите на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на мерки и активности за дигитализација на процеси и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува на единиците на локална самоуправа кои се приклучени на Националната платформа за интероперабилност да достават барање за пристап до податоците од Централниот регистар на население во рок од 30 дена.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа во рок од 90 дена, а најдоцна до првиот квартал од 2022 година да преземат мерки и активности за набавка на потребната опрема (хардвер и/или софтвер) за приклучување на Националната платформа за интероперабилност опишана во Прилог 1.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа да предвидат средства за набавка на потребната опрема (хардвер и/или софтвер) за приклучување на Националната платформа за интероперабилност .

4. Се задолжува Министерството за финансии да ги одобри барањата за обезбедување на средства наменети за набавка на потребната опрема (хардвер и/или софтвер) за приклучување на Националната платформа за интероперабилност кои ќе бидат поднесени за 2021 година и за 2022 година.

5. Се задолжуваат сите министерства да подготват текстови за изменување и дополнување на закони заради дигитализација на процесите поврзани со постапките утврдени со закон во рок од 60 дена согласно насоките во Прилог 2.

6. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа и им се препорачува

на единиците на локална самоуправа кои имаат потребна опрема (хардвер и/или софтвер) за приклучување на Националната платформа за интероперабилност опишана во Прилог 1 да доставaт барање до Министерството за информатичко општество и администрација за приклучување на Националната платформа за интероперабилност во рок од 30 дена.

**Точка 48**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во рамки на Министерството за правда кон крајот на декември 2020 година, формирана е интер-дисциплинарна работна група составена од релевантни државни органи, претставници на науката, претставници на Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бројни претставници на невладиниот сектор и претставници на неколку парламентарни политички партии. Работата на Работната група е поддржана и постојано набљудувана од страна на меѓународните организации, кои активно го следат изборниот процес во државата изминатите 20 години ( ИФЕС, ОБСЕ-ОДИХР, НДИ, ЕУ). Мандатот на работната група е изработка на целосно нов Изборен законик, со оглед на фактот дека од 2006-тата година до денес веќе се извршени повеќе од 30 измени и дополнувања, што го прават Изборниот законик неконзистентен, тешко читлив и сложен за имплементација.

Во пресрет на локалните избори кои треба да се одржат оваа година е разгледуван Извештајот на ОБСЕ - ОДИХР во однос на предвремените парламентарни избори 2020 година, кој пристигна кон крајот на 2020 година и кој содржи одреден број на приоритетни препораки кои треба да се надминат пред организирањето на следниот изборен циклус. Една од клучните препораки на ОБСЕ - ОДИХР е било какви измени на изборните правила да се дефинираат барем 6 месеци пред одржувањето на изборите, со цел истите да им бидат добро познати на сите учесници во изборниот процес, а во спротивното е постапување спротивно на меѓународните добри практики, се наметна како неопходност преминување кон итни измени на Изборниот законик пред локалните избори 2021 година, со фокусирање на препораките на ОБСЕ - ОДИХР.

Како прашањето за промена на изборниот модел претпоставува сериозни измени на Изборниот законик, кои ќе се одразат во бројни законски норми, а прашањето не е релевантно во пресрет на локалните избори 2021 година, дека целиот процес како неминовност ја наметнува потребата од широк консензус на сите политички партии, планирано е дефинирање на решенијата по однос на предлогот за промена на изборниот модел да биде резултат на широка дебата на сите парламентарни политички партии, содржани во целосно новиот Изборен законик.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Владата на Република Северна Македонија, дава негативно мислење за предложениот текст на Предлогот на

закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и смета дека е упатно доставениот предлог да биде разгледан од Работната група за изработка на Изборниот законик, со цел истиот да биде предмет на поширока дискусија помеѓу струката и политиката, а конечниот предлог за измени на Изборниот законик да биде резултат на сеопфатен инклузивен и консултативен процес, со цел гарантирање на правната сигурност.

**Точка 49**

Владата го разгледа Предлогот на закон за утврдување на максималните цени за болничко лекување и за тестирање на пациенти со КОВИД-19 во приватните здравствени установи, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Со овој предлог на закон се предлага утврдување на максималните цени за болничко лекување и за тестирање на пациенти со КОВИД-19 во приватните здравствени установи со цел да се намалат трошоците за болничко лекување на граѓаните на Република Северна Македонија, во приватните здравствени установи, заштита на јавното здравје и почитување на уставниот принцип на забрана за дискриминација врз основа на класно потекло и имотна, т.е. општествена положба.

На овој начин групата пратеници во Собранието на Република Северна Македонија Димитар Апасиев и Борислав Крмов, бара да се утврдат максимални цени за болничко лекување и за тестирање на пациенти со КОВИД-19 во приватните здравствени установи кои нема да бидат на товар на пациентот, туку на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и тоа е спротивно на основните принципи на заштитата на јавното здравје, на оптимално и ефикасно користење на здравствените капацитети на сите нивоа од системот со користење на системот на упатување (издавање на упати од избрани лекари и суп/специјалисти) и на принципите на здравствената економија (која се темели на финансирањето на здравствената заштита од здравственото осигурување каде основен извор за прибирање на средствата се придонесите од плата и други надоместоци кои ќе се слеваат во единствен државен фонд за здравствено осигурување, со голем степен на солидарност помеѓу осигурениците, но и со неопходност од строги критериуми за одржливост, финансиска контрола и надзор од страна на државата), наспроти постоење на постојна правна рамка која тоа соодветно го регулира почитувајќи ги сите принципи.

Финансирањето на здравствената заштита опфаќа од индивидуално плаќање при добивање на услугата, до плаќање преку здравствено осигурување на осигуреното лице, како и финансирање од страна на Владата преку социјалната заштита или даночниот систем. Со Предлогот на закон се предвидува плаќање на приватните здравствени установи за болничко лекување и тестирање на пациентите со КОВИД-19 преку здравственото осигурување каде основен извор за прибирање на средствата се придонесите од плата и други надоместоци на сите државјани на Република Северна Македонија, кога пациентот самоиницијативно и по сопствена проценка оди во ПЗУ да се лекува без да биде упатен од неговиот избран лекар или

специјалист врз основа на неговата клиничка состојба ниту пак поради тоа што се пополнети капацитетите или има недостиг на ресурси во јавното здравство.

Од анализата на постојната законска рамка и предложените максимални цени за болничко лекување и за тестирање на пациенти со КОВИД-19 во приватните здравствени установи произлегува дека:

Прва разлика: При правење на анализата, задолжително се тргнува од правилото дека лицата заболени од Коронавирус COVID -19 се лекуваат во јавни здравствени установи со оглед на тоа дека заштитата на населението од заразни болести е стратешки важна активност од државно значење.

Втор принцип од кој се тргнува е постоење на моделот за упатување (издавање на упати од избрани лекари и суп/специјалисти) кој има за цел да овозможи оптимално и ефикасно користење на здравствените капацитети на сите нивоа од системот при упатувањето на осигурените лица на користењето на специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита. Според моделот на упатување осигуреното лице може да користи здравствени услуги во специјалистичко - консултативна здравствена заштита со упат од избраниот лекар, а во болничката здравствена заштита, супспецијалистичка и болничка здравствена заштита во универзитетските клиники во Скопје со упат од лекарот специјалист/супспецијалист. На овој начин се намалуваат несаканите ефекти како што се: преоптеретување на универзитетските клиники, зголемени трошоци за осигурениците, трошоци за здравствениот систем, неискористеност на капацитетите.

Со Предлогот на закон се предвидува секоја здравствена услуга поврзана со дијагностицирање и лекување на лице заболено од КОВИД-19 во приватна здравствена установа да биде на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, без користење на моделот на упатување (објаснет во претходниот пасус) и без воведување на претходен критериуми како „филтер" пред да биде упатен на лекување во приватна здравствена установа. Пациентот самоиницијативно и по сопствена проценка оди во приватна здравствена установа да се лекува, не е упатен од неговиот избран лекар или специјалист врз основа на неговата клиничка состојба ниту пак поради тоа што се пополнети капацитетите или има недостиг на ресурси во јавното здравство.

Наспроти Предлогот на законот, со членот 28 ставовите 3, 4 и 5 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" број 66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/14, 150/15, 37/16 и 275/20), е пропишано дека единствено за лекување со интензивна нега и терапија во приватните здравствени установи може да биде на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Имено, по правило, лицата заболени од Коронавирус COVID-19 се лекуваат во јавни здравствени установи, а по исклучок во приватните здравствени установи доколку се исполнети законски пропишаните услови. Поконкретно, со цитираните законски одредби е пропишано следното:

„Лицата заболени од Коронавирус COVID -19 задолжително се лекуваат во јавни здравствени установи.

По исклучок од ставот 3 на овој член, лицата заболени од Коронавирус COVID -19, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија или во домашни услови, доколку за тоа постојат услови.

Доколку во јавните здравствени установи од ставот 3 на овој член, се исполнети капацитети за лекување на лицата заболени од Коронавирус COVID -19, доколку кај лицата примени во приватната здравствена установа во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на причинителот Sars-Cov-2 вирус за заразната болест Коронавирус COVID -19 во нивниот организам, како и во други случаи (недостиг на здравствени работници, здравствени соработници и други вработени лица во јавната здравствена установа и слично), по претходно дадена согласност од страна на Министерството за здравство, лекувањето на лицата може да се врши и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија.“.

Овие одредби од Законот за заштита на населението од заразни болести се дополнителни разработени со членот 281-а став (4) од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 77/2021) со кој е пропишано дека „Приватните здравствени установи надвор од мрежата на здравствени установи кои вршат дејност за интензивна нега и терапија ќе ја вршат оваа дејност во мрежата на здравствени установи, за укажување на здравствени услуги на пациенти заболени од заразна болест во периодот на траење на вонредните услови или кризната состојба, согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување, во случаите утврдени со Законот за заштита на населението од заразни болести." Како што е утврдено со ставот (6) од членот 281-а од цитираниот Закон, со овие приватни здравствени установи кои вршат дејност за интензивна нега и терапија Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија склучува договор со кој ќе ги договори обемот и видот на здравствените услуги кои приватните здравствени установи ќе ги вршат во периодот на траење на вонредните услови или кризната состојба, согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување.

Втора разлика: Со Предлогот на закон се предвидува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да исплаќа на приватната здравствена установа 8 (осум) „пакети" на референтни цени (од вкупно 12-дванаесет) утврдени и објавени од страна на Фондот за болничко лекување на пациенти заболени од КОВИД-19 и тоа во ситуација кога пациентот самоиницијативно и по сопствена проценка оди во приватна здравствена установа да се лекува, додека постојните законски одредби од Законот за заштита на населението од заразни болести и Законот за здравствената заштита пропишуваат Фондот да исплаќа на приватната здравствена установа само 4 (четири) „пакети" кои вклучуваат користење на респиратор и настанување на компликации со оглед

на тоа дека овие пациенти се упатуваат на лекување во приватните здравствени установи само заради лекување со интензивна нега и терапија и тоа во таксативно наброени законски пропишани ситуации.

За лекување на пациенти заболени од COVID -19, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на јавните здравствени установи им исплаќа 12 (дванаесет) „пакети", од кои четири за болничко лекување, четири за интензивна нега и терапија и четири наменети за здравствена заштита на терциерно ниво (на универзитетските клиники). Тоа е така поради тоа што на прво место државата е должна да обезбеди здравствена заштита за пациентите заболени од КОВИД-19, која преку Министерството за здравство како надлежно министерство го организира „одговорот" на државата кога станува збор за такви ситуации и ги ангажира како јавните така и приватните здравствени установи под услови пропишани со закон. Имено, во главата насловена XIV. ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО ВОНРЕДНИ УСЛОВИ, КРИЗНИ СОСТОЈБИ И ВО УСЛОВИ НА ШТРАЈК, под насловот „Вршење на здравствена дејност од страна на здравствените установи во вонредни услови и кризни состојби", со членот 281 -а став (1) од Законот за здравствената заштита е пропишано „Јавните и приватните здравствени установи се должни на барање на Министерството за здравство да учествуваат во спречување и сузбивање на заразни болести, како и во заштита и спасување на населението во другите случаи на вонредни услови и кризни состојби.“.

Капацитетите на приватните здравствени установи се користат како резервни капацитети во случај кога бројот на пациенти и потребни здравствени услуги ги надминуваат капацитетите на јавните здравствени установи и тоа се случува на барање и со согласност на државата, односно нејзините надлежни органи. Во ниту еден случај на барање и по проценка на самиот пациент кога таа услуга треба да биде на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Се додека државата, односно јавното здравство има капацитет да ги дава потребните здравствени услуги согласно протоколите за лекување на КОВИД-19 пациенти, не постои потреба од користење на здравствените услуги кои ги даваат приватните здравствени установи. Проценка за тоа дали е тоа така, прави повторно државата, односно надлежните органи, а не самиот пациент. Причина за тоа е примарната обврска на државата за заштита на јавното здравје и заштита на населението од заразни болести, моделот на упатување на пациентите, начинот на финансирање на здравството и здравствената економија, кои налагаат државата преку надлежните органи да „раководи“/„управува" со здравствениот систем, а не тоа да го прави пациентот. Со примена на овие принципи се заштитува здравствениот систем од непланирано и непотребно трошење на ресурсите и оптеретување само на делови од здравствениот систем.

Покрај постојните законски решенија кои се во сила, пред донесување е нов закон за дополнување на Законот за здравствената заштита со кој со нов член 281-в се пропишува начинот на вршење на здравствена дејност од страна на приватните здравствени установи во услови на утврдено постоење на кризна состојба заради заштита на јавното здравје и прогласена епидемија или пандемија на заразна болест. Се очекува негово брзо донесување и стапување во сила. Имено, новиот

закон за дополнување на Законот за здравствената заштита е на дневен ред на 39-та пленарна седница на Собранието на Република Северна Македонија (утврдена потреба од донесување на законот, завршена комисиска расправа, изготвен дополнет предлог и ставен на дневен ред на пленарна седница заради претрес и донесување). Со овој Предлог на закон ќе има три придобивки. Прво, државата ќе ги упатува согласно законски пропишани критериуми пациентите да спроведуваат здравствен третман на пациентите болни од заразната болест во ПЗУ по референтни цени утврдени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Второ, на пациентите заболени од КОВИД-19 кои по сопствена волја и на личен трошок се лекуваат во приватни здравствени установи ќе се намалат трошоците (со што ќе бидат опфатени и социјално загрозените категории на граѓани). Трето, нема да биде изложен Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на дополнителни нерационални и неоправдани трошоци.

Третата разлика: е во однос на членот 3 од Предлогот на закон доставен од 2-ца пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, со кој се предлагаат „максимални цени за Ковид-тестирање" за „PCR Ковид-тестирање во приватните лиценцирани лаборатории доколку во државните лаборатории, во наредните 24 часа нема слободен термин", укажуваме дека таквото тестирање е веќе предвидено и пропишано со Законот за здравствената заштита. Притоа постојното законско решение споредено со решенијата од Предлогот на законот дава поголеми можности за такво тестирање, без било какви условувања и ограничувања. Имено, со членот  281 -а став (5) од Законот за здравствената заштита е пропишано следното:

„(5) Приватните здравствени установи надвор од мрежата на здравствени установи кои укажуваат здравствени услуги за детекција на заразна болест (со PCR метода на земен материјал назофарингеален и орофарингеален брис и бронхоалвеоларен лават, во микробиолошка лабораторија или со примена на друга метода одобрена од Министерството за здравство), ќе ја вршат оваа услуга во мрежата на здравствени установи во периодот на траење на вонредните услови или кризната состојба. согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување.

Во ваков случај, согласно ставот (6) од цитираниот член, Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија склучува договор со кој ќе ги договори обемот и видот на здравствените услуги за детекција на заразна болест кои приватните здравствени установи ќе ги вршат во периодот на траење на вонредните услови или кризната состојба, согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување.

Притоа се укажува дека референтната „цена" на „Ковид-тестирањето" на Фондот за здравствено осигурување изнесува 1.850 денари, која цена би била исплатена и на приватната здравствена установа со која Фондот има склучено договор за вршење на здравствени услуги за детекција на заразна болест согласно членот 281-а став (5) од Законот за здравствената заштита. Постојната референтна цена на Фондот е повисока од цената од Предлогот на закон според кој „регулираната цена не смее да надминува 20 евра во денарска противвредност за земање брис.".

Инаку, Фондот на приватната здравствена установа, со договорот за вршење на здравствени услуги за детекција на заразна болест што ќе го склучи согласно членот 281-а став (5) од Законот за здравствената заштита, ќе и утврди буџет и обврска да го почитува протоколот за закажување на тестирање со што се воведуваат два контролни механизми што постојат и за јавните здравствени установи.

Цената на здравствените услуги за детекција на заразна болест Фондот ја формира согласно трошоците за извршување на услугата и доколку има промени во трошоците цената може да се корегира. Затоа Фондот постојано прибира податоци и прави анализи. Доколку има податоци дека трошоците се пониски, тогаш и цената ќе се намали соодветно. Но, цената не може да се намали без анализа на трошоците. Доколку се утврди цена пониска од трошоците, здравствената установа без разлика дали е приватна или јавна, ќе трпи загуба.

Во однос на членот 3 став (1) од Предлогот на законот за „Ковид-тестирањето", со кој се пропишува условот за користење на услугите од приватните здравствени установи да „во државните лаборатории, во наредните 24 часа нема слободен термин за PCR тестирање на суспектен пациент-осигуреник" се укажува дека истиот не може да се спроведе бидејќи не постои можност да се воведе контролен механизам и не може да се обезбеди релевантен доказ дека условот е исполнет.
Заради наведените причини, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија, да не го донесе Предлогот на закон за утврдување на максималните цени за болничко лекување и за тестирање на пациенти со КОВИД-19 во приватните здравствени установи, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов.

**<u>Точка 50</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 25 став 1 точка 10) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), поднесено од пратеникот Талат Џафери и притоа го утврди следново мислење:

Барањето за автентично толкување се однесува на член 25 став 1 точка 10) од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) (во понатамошниот текст: Законот), со кој се уредуваат даночните ослободувања и олеснувања во поглед на данокот на промет на недвижности.

Имено, согласно член 25 став 1 точка 10) од Законот за даноците на имот, данок на промет на недвижности не се плаќа при вложување на недвижности во капиталот на трговските друштва.

На 16 мај 2019 година Собранието на Република Северна Македонија донесе автентично толкување на горенаведената одредба според кое „Одредбата од член

25 став 1 точка 10) од Законот за даноците на имот треба да се толкува, така што, кога се спроведува статусна промена при присоединување, спојување, поделба на друштвата со која се врши пренос на имот (недвижност) во капиталот на друштвата со што даночните обврзници се ослободени од плаќање на данок на промет на недвижност".

Наведеното, автентичното толкување е поткрепено со позитивните законски норми и Законот за трговските друштва и тоа имајќи го предвид член 3 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва каде како „влог во друштвото" се наведени пари, ствари, права коишто содружникот, односно акционерот му ги отстапува и пренесува на трговското друштво во постапката на основање или во постапката на зголемување на основната главнина на друштвото, односно и труд и услуги кога тоа со овој закон е допуштено.

Согласно член 517 став (3) од Законот за трговските друштва, едно друштво може, преку поделба, истовремено, да го пренесе сиот имот и обврските на две или повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: раздвојување со основање) или на две или повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: раздвојување со преземање), при што друштвото што се дели престанува без спроведување на ликвидација. Едно друштво може, преку поделба, дел од својот имот и од обврските да ги пренесе на едно или на повеќе новоосновани друштва (во натамошниот текст: издвојување со основање) или на едно или на повеќе постојни друштва (во натамошниот текст: издвојување со преземање), при што друштвото не престанува.

Од друга страна како што се истакнува во Барањето за автентично толкување, со донесеното автентично толкување од 16 мај 2021 година од страна на Собранието се врши толкување на односната одредба само во насока за случаи кога се спроведува статусна промена на трговските друштва а не и во случаи при пренос на имот – недвижност во капиталот на друштвата врз основа на вложување на недвижноста во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото преку зголемување на влогот на основачот/содружникот.

По однос на горенаведеното прашање, се истакнува дека согласно член 19 од Законот, на остварениот промет на недвижности се плаќа данок на промет на недвижности. Под промет на недвижности, во смисла на овој закон се смета преносот со и без надоместок на правото на сопственост како и друг начин на стекнување на недвижноста со и без надоместок меѓу правни и физички лица.

Обврзник на данокот на промет на недвижности е правно и физичко лице - продавач на недвижноста. По исклучок обврзник на данокот на промет на недвижности може да биде правно лице и физичко лице - купувач на недвижноста, доколку во договорот за купопродажба на недвижноста, е договорено данокот да го плати купувачот.

Согласно член 23 став (1) од Законот за даноците на имот, даночната обврска на данокот на промет на недвижности настанува со денот на склучувањето на договорот за пренос на правото на сопственост на недвижности, односно на замена на недвижностите.

Оттука, јасно произлегува дека Законот за даноците на имот, односно данокот на промет на недвижности исклучиво ја следи промената на сопственост (прометот) на недвижниот имот и не влијае на зголемувањето на основната главнина на трговските друштва преку зголемување на влогот на основачот/содружникот од фискален аспект доколку истиот влог не е недвижен имот.

Имено, врз основа на ваква правна состојба Ве известуваме дека ослободувањата пропишани во член 25 став 1) точка 10 од Законот за даноците на имот се однесуваат покрај вложувањата настанати при статусни промени така и на останатите вложувања во недвижности во капиталот на трговското друштво, при што за вложување во капиталот на друштвото се смета и вложување на недвижен имот во основната главнина на друштвото.

Дополнително а во контекст на горенаведеното, се смета дека одредбата од член 25 став 1 точка 10) од Законот за даноците на имот е јасна и прецизна, така што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање автентично толкување на истата.

## Точка 51

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Бобан Богдановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.63/2021 од 26.5.2021 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредбата од член 128 став 1 од Законот за стечај во делот: „на некој предмет или право што се запишани во јавни книги" и притоа го утврди следново мислење:

Во својата иницијатива, подносителот наведува дека со оспорената одредба се утврдува кои доверители во стечајната постапка имаат статус на разлачни доверители, при што наведува дека Законот за стечај наведува дека разлачно право се стекнува и кога доверителот има право на намирување на некој предмет или право, но согласно одредбите од Законот за извршување, право на намирување доверител може да стекне само во случај на спроведување на извршување врз недвижност во сопственост на должникот, поради што употребата на институтот „право на намирување" во Законот за стечај е во колизија со неговата дефиниција во извршното право, каде што право на намирување може да се стекне само врз недвижност. Понатаму наведува дека, согласно Законот за стечај, разлачното право може да му се признае на доверител кој што има право на намирување на подвижен предмет или имотно право, но не го уредува стекнувањето на ваквото право и ваквото „право на намирување" може да биде стекнато само на начин и под услови утврдени со посебен закон, кој според подносителот на иницијативата, не постои.

Ваквата иницијатива е неоснована.

Неспорно е дека Законот за стечај пропишува и дека разлачното право може да му се признае на доверител кој што има право на намирување од подвижен предмет или имотно право, без истиот да се впушти во дефинирање на овој поим, оставајќи го тоа на останатите закони во правниот систем.

Во својата иницијатива, подносителот наведува дека кога станува збор за подвижни предмети, при извршувањето не се врши прибележување на налогот за извршување во јавна книга или друг соодветен регистар, па според иницијаторот, при извршување врз подвижни предмети не се стекнува право на намирување, туку со изготвување на налогот за попис на подвижни предмети и составување на записник за попис, се стекнува законско заложно право врз подвижните предмети кои што биле попишани во постапка за извршување, односно дека Законот за стечај кога станува збор за начинот и условите за стекнување со право на намирување од подвижен предмет, упатува на посебен закон, кој во македонскиот правен поредок не постои. Согласно член 101, став 1 од Законот извршување, со пописот доверителот стекнува заложно право врз попишаните предмети. Согласно член 104, став 3 од Законот за извршување, записникот за извршен попис на подвижни предмети со вредност поголема од 1.000 евра, задолжително се доставува до Заложниот регистар заради упис на заложното право.

Од член 101, став 1 од Законот за извршување неспорно произлегува дека со пописот и доверителот стекнува заложно право врз попишаните предмети, но тоа никако не значи дека извршителот никаде не ги прибележува правата на доверителот за наплата од подвижни предмети во ниту една јавна книга, бидејќи согласно цитираниот член 104, став 3 од Законот за извршување, записникот за извршен попис на подвижни предмети со вредност поголема од 1.000 евра, задолжително се доставува до Заложниот регистар заради упис на заложното право.

Ова значи дека ваквото право на доверителот, се запишува во јавна книга - Заложниот регистар, што е во целост во согласност со дефиницијата дадена во член 128, став 1 од Законот за стечај, дека доверителите кои имаат заложно право, или право на намирување на некој предмет или право што се запишани во јавна книга, имаат право на одвоено намирување на тој предмет или право според закон.

Ако се има во предвид дека согласно член 104, став 3 од Законот за извршување, записникот за извршен попис со вредност поголема од 1.000 евра задолжително се доставува до Заложниот регистар заради упис на заложното право, неспорно е дека доверителот се стекнува со право на намирување од подвижните предмети за кои што е извршено прибележување во Заложниот регистар, па според тоа, неосновано е наведеното дека право на намирување не може да се стекне врз подвижен предмет поради тоа што Законот за извршување никаде не предвидел прибележување на записникот за извршен попис и процена на подвижни предмети во соодветен регистар.

Евентуалното укинување на делот од одредбата од член 128, став 1 од Законот за стечај како што е побарано во иницијативата, ќе создаде правна празнина, бидејќи во состојба кога членот 104, став 3 од Законот за извршување пропишува

задолжително прибележување на записникот за извршен попис на подвижни предмети со вредност поголема од 1.000 евра, ваквото прибележување нема да има правно дејство во стечајната постапка што ќе создаде нерамноправен третман на доверителите кои што своето право на намирување од подвижните предмети го прибележале во јавните книги и кои како доказ за истото во стечајната постапка ќе приложат потврда од заложниот регистар за подвижните предмети од кои бараат право на одвоено намирување.

Неосновано е дека примената на овој институт создава проблеми во неговата примена, бидејќи доверителот се доведувал во состојба да зависи од толкувањето на стечајниот управник при остварување на своите права. Впрочем, со оглед дека докажувањето на правото на намирување разлачните доверители го остваруваат со приложување на доказ за таквото право (член 87, став 4 од Законот за стечај) кој најчесто е потврда од јавните книги или имотен лист, кои претставуваат јавни исправи, сосема е мала веројатноста за настанување на потешкотии во остварување на ваквото право во разлачниот доверител. Воедно, разлачниот доверител, чие право е оспорено од стечајниот управник, има соодветни механизми кои што може да ги искористи согласно Законот за стечај и да побара судска заштита на неговото право, како и сите други доверители во стечајната постапка.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 128 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" број 34/06, 126/06, 84/07, 03/08, 122/09, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15) во делот: „на некој предмет или право што се запишани во јавните книги“.

<u>Точка 52</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 16/38 идеален дел од КП бр.837, КО Гази Баба, со Имотен лист бр.9640, недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 15/52 идеален дел од КП бр.836/2, КО Гази Баба, со Имотен лист бр.9641 и недвижен имот – градежно земјиште кое претставува 21/69 идеален дел од КП бр.838, КО Гази Баба, со Имотен лист бр.44997 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

<u>Точка 53</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3442 за КО Ваташа, на КП бр.4344, викано место/улица 12 Другари и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

<u>Точка 54</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нита Џафери-Исени од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102293 за КО Тетово-1 и Имотен лист бр.101648 за КО Тетово-1 на КП бр. 2991 викано место/улица ЈНА 124 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 55**

1. Владата на Зоран Исајловски му утврди престанок на правото да остварува плата по престанувањето на функцијата управител на Трговско друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, заклучно со 5 април 2021 година, на негово барање, поради стапување на друга должност.

2. Владата го разреши Ирфан Буќи од должноста заменик на директорот на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии, на негово барање.

2.1 Владата го именува Муарем Асани за вршител на должноста заменик на директорот на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата на предлог на министерот за култура го именува Сашко Насев, досегашен директор на Културно - информативниот центар во Софија, Република Бугарија за директор на Културно - информативниот центар во Софија, Република Бугарија.

4. Владата го именува Амир Шабани, досегашен вршител на должноста директор на Фондот за осигурување на депозити, за вршител на должноста директор на Фондот за осигурување на депозити.

5. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Фондот за осигурување на депозити.

**Точка 56**

1. Владата го разгледа и го прифати Барањето од Министерството за здравство за престанување на важење на заклучоците од точка 42 од 140-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 18 јуни 2019 година, под бр. 45-3978/1.

2. Владата го разгледа и го прифати Барањето од Министерството за здравство за престанување на важење на заклучоците од точка 45 од 3-та седница на Владата на

Република Северна Македонија одржана на 14 јануари 2020 година, под бр. 45-10115/1-19.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 3 јуни 2021 до 9 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 5 јуни 2021 година до 11 јуни 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

5. Владата заклучи АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје најитно да достави мислења по Понудата од нотар Вера Станоевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.9641 за КО Гази Баба, на КП бр.836, Имотен лист бр.9640 за КО Гази Баба на КП бр.837 и Имотен лист бр.44997 за КО Гази Баба на КП бр.838 и по Понудата од нотар Пане Нацев од Кавадарци за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3442 за КО Ваташа, на КП бр.4344, викано место/улица 12 Другари.

6. Владата на предлог на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, заклучи Заклучокот под бр.3, од Точка 20, од Извадокот од Нацрт – записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 февруари 2021 година, да престане да важи.

7. Владата ја разгледа Предлог – одлуката за формирање работна група за подготовка на измени и дополнувања на законодавството за декриминализација, легализација и искористување на медицинските, социјалните и економските придобивки на канабисот и ја донесе Одлуката за формирање работна група за подготовка на измени и дополнувања на законодавството за декриминализација, легализација и искористување на медицинските, социјалните и економските

придобивки на канабисот, со заклучок текстот на истата да се дополни со претставници, односно член и заменик член од Здружението на психијатари.

8. Владата ги донесе:

1. Решението за формирање на Комисија за оценување на барањата за финансиска поддршка на лиценцирани туристички агенции;

2. Решението за формирање на Комисија за оценување на барањата за финансиска поддршка на регистрирани  игротеки и приватни детски одморалишта;

3. Решението за формирање на Комисија за оценување на барањата за финансиска поддршка на лиценцирани вршители на угостителска дејност кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор;

4. Решението за формирање на Комисија за оценување на барањата за финансиска поддршка на естрадни уметници;

5. Решението за формирање на Комисија за оценување на барањата за финансиска поддршка на регистрирани и категоризирани ресторани за свадби;

6. Решението за формирање на Комисија за оценување на барањата за финансиска поддршка на регистрирани туристички водичи и

7. Решението за формирање на Комисија за оценување на барањата за финансиска поддршка на регистрирани фотографски студија и фитнес центри, со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

9. Владата го одложи од разгледување Барањето за постапување по задолжение, а со цел реализација на мерка 24 од 5 ти сет антикризни мерки, за наредната седница на Владата.

10. Владата ја разгледа Информацијата за активностите кои се преземаат со цел обезбедување на оперативност на системот за електронски надзор, ја усвои и ја задолжи Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда да одржи координативен состанок најдоцна во рок од 7 дена по усвојувањето на оваа информација со претставници од  Делегацијата на ЕУ, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, НАО (Национален координатор за авторизација) и од Секретаријат за европски прашања (Национален ИПА координатор) за разгледување на техничките можности и потребата од законски или подзаконски измени заради можноста за давање на трајно користење на движните ствари - опремата за електронски надзор на Министерството за внатрешни работи.

Истовремено, Владата заклучи, министерот за правда, м-р Бојан Маричиќ, по добивање на соодветни повратни информации за горенаведените активности да ја информира Владата.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население (мај 2021 година), како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2020 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на работењето на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, за периодот од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Државниот завод за статистика во 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во соработка со Министерството за труд и социјална политика да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 62**

Владата го разгледа Планот за изменување и дополнување на Годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Изменувањето на Финансискиот план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз - увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема во 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите на воздухопловниот ВИНГ за поддршка на останатите државни институции во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата во однос на постапувањето по заклучоците со кои е задолжено Министерството за внатрешни работи, согласно Информацијата во врска со Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР), како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Барањето на Алекс Цветков, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за култура и Агенцијата за филм на Република Северна Македонија утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Здружение на граѓани Легис - Скопје, со текст на Меморандум за соработка, ја усвои Информацијата и го овласти Мухамед Зеќири, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Здружение на граѓани Легис - Скопје.

**Точка 69**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведената постапка по објавениот јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.4 „Љубодраг“ на користење – концесија, во предложениот текст.

2. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.5 „Слупчане“ на користење – концесија, во предложениот текст.

3. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.6 „Карабичане“ на користење – концесија, во предложениот текст.

4. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.7 „Степанце“ на користење – концесија, во предложениот текст.

5. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.8 „Желувино“ на користење – концесија, во предложениот текст.

6. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.9 „Облавце“ на користење – концесија,

7. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.10 „Мургаш“ на користење – концесија, во предложениот текст.

8. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.11 „Старо Нагоричане“ на користење - концесија, во предложениот текст.

9. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.12 „Зебрењак“ на користење – концесија, во предложениот текст.

10. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.13 „Орашец“ на користење – концесија, во предложениот текст.

11. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр.14 „Доброшане“ на користење – концесија, во предложениот текст.

## Точка 70

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (превозници за меѓународен линиски и/или слободен превоз на патници), со заклучок предлагачот текстот на Одлуката редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 71

Владата ја одложи од разгледување Предлог–одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, за некоја од наредните седници на Владата, по донесувањето на Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:40 часот.

| ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Tahir Hani** | **Зоран Заев** |